**НАЦРТ**

Врз основа на член 6 став 1 алинеја 6, член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11, во врска со член 6 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и член 15 став 1 алинеја 7 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-6325/4 од 06.11.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 34-та седница одржана на 06.11.2015 година, донесе:

# НАЦРТ – УПАТСТВО
## за изменување и дополнување на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија

### Точка 1

Во делот II ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ, насловот „МЕРЕЊЕ НА ГЛЕДАНОСТА НА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ СТАНИЦИ ШТО ЕМИТУВААТ ПРОГРАМА НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС И НА ЈАВНОТО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА“ се менува и гласи „ЕЛЕКТРОНСКО МЕРЕЊЕ НА ТЕЛЕВИЗИСКАТА ПУБЛИКА“.

### Точка 2

Во точка 3.2. се бришат зборовите „Асоцијацијата на огласувачите“.

### Точка 3

Во точка 5 се брише потточката 5.8.

### Точка 4

Во точката 7 зборовите „мерењата на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија“ се заменуваат со зборовите „активностите во врска со електронското мерење на телевизиската публика“.

### Точка 5

Во точката 8 во потточката 8.2. зборовите „ќе ги спроведува мерењата на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и на

Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија“ се заменуваат со зборовите „ќе го спроведува електронското мерење на телевизиската публика“.

**Точка 6**

Точката 9 се брише.

**Точка 7**

Во точката 10 зборовите „ќе ги спроведува мерењата на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија“ се заменуваат со зборовите „ќе го спроведува електронското мерење на телевизиската публика“.

**Точка 8**

Во точката 11 зборовите „ќе ги спроведува мерењата на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија“ се заменуваат со зборовите „ќе го спроведува електронското мерење на телевизиската публика“.

**Точка 9**

Точката 13 се брише.

**Точка 10**

Во точката 14 зборовите „ќе ги спроведува мерењата на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс и на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија“ се заменуваат со зборовите „ќе го спроведува електронското мерење на телевизиската публика“.

Во вториот став на оваа точка зборовите „5 (пет)“ се заменуваат со зборовите „7 (седум)“.

**Точка 11**

Во точката 15 зборовите “Истражувачката агенција е должна да утврди јасни и транспарентни критериуми според кои ќе се утврдува надоместокот што корисниците ќе го плаќаат за користење на податоците“ се бришат, а се додаваат два нови ставови, кои гласат:

„Начинот на којшто ќе се пресметува износот што за користење на податоците од мерењето треба да го плати секој член на Комитетот го утврдуваат членовите на

Комитетот со посебен акт, кој го одобрува директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги".

Членовите на Комитетот со посебен акт, кој го одобрува директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ги утврдуваат и правилата врз основа на кои ќе се пресметува износот што треба да го платат корисниците на податоците од електронското мерење на публиката коишто не се членови на Комитетот".